Советот на Општина Битола со оваа Одлука ги ослободува сите спортски акционерски друштва каде што Општината се јавува како 100% основач на акционерското друштво од надоместокот за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Битола.

Користењето на спортските сали за спортски тренинзи и натпревари ќе им биде овозможено на акционерските друштва во термини кои нема да го попречуваат наставно - образовната програма.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-100/43 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.09.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на паричен надоместок за граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на права и должности од областа на заштитата и спасувањето во Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на паричен надоместок за граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на права и должности од областа на заштитата и спасувањето во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.09.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1142/42 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.10.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 126, ст.2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 93/12...106/16), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.03.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на паричен надоместок за граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на права и должности од областа на заштитата и спасувањето во Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува паричниот надомест за граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на права и должности од областа на заштитата и спасувањето во врска со учеството во силите за заштита и спасување што ги формира единицата на локалната самоуправа-Општина Битола.

**Член 2**

Паричниот надомест изнесува 800,оо денари за еден ден (дневница) и 300,оо денари оброк.

Надоместокот од став 1 од овој член ќе биде исплаќан на трансакциска сметка на лицата кои ќе бидат ангажирани.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/44 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.09.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ - Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ – Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.09.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1142/43 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.10.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 88, став 2 и 5 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95...30/16), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.03.2016 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ - Битола

1. Се разрешува лицето Љубе Никлески од член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ – Битола.

2. За член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ – Битола се именува лицето Александра Пандевска, м-р по јавна администрација, ул. „Атанас Трпчевски-Таше“ бр. 17.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-100/45 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.09.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 , 145/2015, 30/2016) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за именување на В.Д. Директор на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола

1. За В.Д. Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола **се именува Кирил Печалев** ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 11.07.2016 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

### О б р а з л о ж е н и е

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, имајки го во предвид фактот што не е завршена постапката за избор на Директор, а мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-806/3**
**08.07.2016 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 , 145/2015, 30/2016) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола се именува Јасмина Никиќ – Десановска ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 11.07.2016 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола, имајки го во предвид фактот што не е завршена постапката за избор на Директор, а мандатот на ВД Директорот завршува заклучно со 10.07.2016 година согласно, член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

Бр.08-805/3
08.07.2016 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Г р а д о н а ч а л н и к
д-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, и 127/16) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште „Св. Кирил и Методиј„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Св. Кирил и Методиј„ Битола се избира **Кристина Полизовска** вработена во основното училиште како Наставник по Хемија, со положен испит за директор во училиште досегашен ВД Директор во училиштето.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.03-239/3 од 22.07.2016 година , со пропратен допис бр. 03-239/4 од 22.07.2016 година заведено во општината Битола под бр. 08-802/3 од 22.07.2016 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен и кандидатот **Кристина Полизовска** вработена во основното училиште како Наставник по Хемија, со положен испит за директор во училиште, досегашен ВД Директор во училиштето.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.

Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.
Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** ***Кандидатите кои не се избрани во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.***

**Бр. 08-802/4**
01.08.2016
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година
и тоа во член 7, член 8, член 9, член10 , член 11, член 12 и член 15 зборовите„или Аптис„ се бришат.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-01/1**
**09.08.2016.**
**Битола**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општината Битола**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016). Градоначалникот на Општина Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола**

1. За Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се избира Ратка Анастасовска** ВСС Дипломиран правник вработен во училиштето како наставник во училиштето, ВД директор во училиштето, со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со по неговата конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОЕУ, Училишниот одбор со допис број 03-280/1 од 05.09.2016 година достави предлог до Градоначалникот - бр. 02-238/3 од 16.08.2016 г. со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот Ратка Анастасовска ВСС Дипломиран правник вработен во училиштето како наставник , ВД директор во училиштето, со положен испит за Директор.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.
**Упатство за правно средство :** ***Кандидатите кои не се избрани во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.***

**Бр.08-836/4**
**09.09.2016 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 103 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола**

1. За Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се избира **Марица Тодоровска** ВСС Дипломиран економист од Битола.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**Образложение**

Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.

Управниот одбор на ЈОУ ја разгледа пристигнатата документација , констатира дека е комплетна и дека пријавениот кандидат ги исполнува условите предвидени согласно закон и согласно статутот на ЈОУ за што состави Записник бр. 04-164/2 од 30.08.2016 година и истиот го достави до Градоначалникот на општината Битола, во прилог со документација.(допис бр. 04-164/1 од 30.08.2016 г.).
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 103 од Законот за социјална заштита Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ .

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 1015/2
13.09.2016.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016). Градоначалникот на Општина Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1. За Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се избира Владимир Трифуновски** ВСС Професор по физичко воспитување вработен во училиштето како наставник по физичка култура, со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината Битола донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОУ, Училишниот одбор со допис број 03-478/1 од 12.09.2016 година достави Одлука за утврдување на предлог за избор на директор до градоначалникот - бр. 02-476 од 09.09.2016 г. со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот Владимир Трифуновски ВСС Професор по физичко воспитување вработен во училиштето како наставник по физичка култура, со положен испит за Директор, моментално Директор на училиштето прв мандат.
Училишниот одбор утврдил дека другите пријавени два кандидати ја повлекле својата пријава по јавниот огласот и кандидатот Владимир Трифуновски го предлагаат како единствен кандидат за Директор.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира градоначалникот на општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Бр.08-804/5**
**19.09.2016 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 19а и член 23 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 06/02, 40/03 ,49/06, 22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/2015; 61/2015 и 39/2016 Градоначалникот на Општината Битола донесе :

# ОДЛУКА
## за избор на Директор на јавно претпријатие „Комуналец„ Битола

1. За Директор на јавно претпријатие „Комуналец„ Битола се избира:
Зоран Соклевски ВСС Технички факултет , Дипломиран сообраќаен инженер.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години од денот на потпишување на Договор со Градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

## Образложение

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 19а и член 23 од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавното претпријатие го избира Градоначалникот на општината.

Избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови од јавниот конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 874/9
22.09.2016
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 19а и член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03 ,49/06, 22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Градоначалникот на Општината Битола донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на Директор на комунално јавно претпријатие „Нискоградба„ Битола

1. За Директор на комуналното јавно претпријатие „Нискоградба„ Битола се избира: Кире Крстевски ВСС Дипломиран менаџер по туризам и угостителство .

2. Мандатот на Директорот трае 4 години од денот на потпишување на Договор со Градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

## Образложение

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 19а и член 23 од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавното претпријатие го избира Градоначалникот на општината.

Избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови од јавниот конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 875/14
23.09.2016
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите правни и физички лица на територијата на Општина Битола дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за распишување на:

## ЈАВЕН ПОВИК
### за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на Јавниот повик може да достават Иницијатива за изработка и донесување на Урбанистички планови од чл. 7 ст. (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016)

- Иницијативите може да се доставaт во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Битола.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план или урбанистичко планска документација.
- За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.
- Јавниот повик ќе трае 34 дена односно во периодот од 28.09.2016 год. до 31.10.2016 год.

08-1112
22.09.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Д-р. Владимир Талески**

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола за учебната 2015/16 година ........................................................ 1

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола за учебната 2016/17 година ........................................................ 2

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола за учебната 2015/16 година........................................ 2

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола за учебната 2016/17 година........................................ 3

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за учебната 2015/16 година........................................ 4

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за учебната 2016/17 година........................................ 4

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско училиште „Таки Даскало“ Битола за учебната 2015/16 година ...................................................................... 5

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско училиште „Таки Даскало“ Битола за учебната 2016/17 година ...................................................................... 5

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“ Битола за учебната 2015/16 година........................................ 6

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“ Битола за учебната 2016/17 година........................................ 7

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола за учебната 2015/16 година........................................ 7

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола за учебната 2016/17 година........................................ 8

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2015/16 година............. 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани во учебната 2016/17 година............. 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола во учебната 2016/17 година ..................................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Даме Груев“ Битола во учебната 2016/17 година .................................... 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Елпида Караманди“ Битола во учебната 2015/16 година ................................ 12

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Елпида Караманди“ Битола во учебната 2016/17 година ................................ 13

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Стив Наумов“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 13

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Стив Наумов“ Битола во учебната 2016/17 година ..................................... 14

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Гоце Делчев“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 14

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Гоце Делчев“ Битола во учебната 2016/17 година ..................................... 15

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 15

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола во учебната 2016/17 година ..................................... 16

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Коле Канински“ Битола во учебната 2015/16 година ..................................... 16

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Коле Канински“ Битола во учебната 2016/17 година ...................................... 17

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица во учебната 2015/16 година ................ 17

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица во учебната 2016/17 година ................ 18

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола во учебната 2015/16 година .................... 19

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола во учебната 2016/17 година .................... 19

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола во учебната 2015/16 година .................... 20

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола во учебната 2016/17 година .................... 20

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола во учебната 2015/16 година................................. 21

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола во учебната 2016/17 година................................. 22

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за изградба на фитнес зона на отворено и игралиште за баскет на КП бр. 17575/5 КО Битола 1, 2 - Општина Битола ............................ 22

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2016 година.. 23

З А К Л У Ч О К за неусвојување на Иницијативата за раскинување на Договорот за Јавно приватно партнерство-јавна услуга склучен помеѓу Општина Битола (јавен партнер) и Стентон градба ДОО Битола (како приватен партнер-ДПН Градски Паркинзи Битола) поради непочитување на обврските од договорот за зонско паркирање во Битола......... 23

О Д Л У К А за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП бр.33 КО Горно Оризари, м.в.Хектари-Општина Битола............ 24

О Д Л У К А за користење на училишните спортски сали на подрачјето на Општина Битола без надомест ........................... 25

О Д Л У К А за утврдување на паричен надоместок за граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на права и должности од областа на заштитата и спасувањето во Општина Битола........................ 25

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Училишниот одбор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ – Битола ............................................ 26

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола ................. 27

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола .............. 28

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ Битола.................................................................. 29

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола................................................................. 30

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола ............................................. 31

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола ................................... 32

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола................................................................. 33

О Д Л У К А за избор на Директор на јавно претпријатие „Комуналец“ Битола ..................... 34

О Д Л У К А за избор на Директор на комунално јавно претпријатие „Нискоградба“ Битола................................................................. 35

Ј А В Е Н П О В И К за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови................................................................ 36

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211